

Димитар Пандилов (1. III 1899 – 26. VII 1963) е македонски сликар, еден од најзначајните основоположници на македонската модерна уметност и најеминентен претставник на импресионизмот. Потекнувал од позната зографска фамилија. Ја приредил првата самостојна изложба на македонски модерен сликар во Скопје (1926). Работел масла, акварели и цртежи, а жанровски се определил за пејзажи, мртви природи, портрети, актови. Тој е еден од основачите на ДЛУМ. Загинал во Скопскиот земјотрес на 26 јули 1963 година.

Димитар Пандилов Аврамовски е роден на 1 март 1899 година во Тресонче. Потекнувал

од позната зографска фамилија. Тој е син на Пандил Аврамов, внук на Аврам Дичов и правнук на Дичо Зограф. Во 1924 година дипломирал на Државната художествена академија во Софија (Бугарија). Од 1927 до 1928 година престојувал во Париз и Монпелје.

До 1943 година живеел во селото Хајредин, Бугарија, каде работел како учител по цртање, а потоа се вратил во окупираната Македонија. По ослободувањето, Пандилов работел како ликовен педагог во Скопје. Тој е еден од основачите на ДЛУМ.

Димитар Пандилов ја приредил првата самостојна изложба на македонски модерен сликар во Скопје во 1926 година. Пред Втората светска војна самостојно излагал и надвор од татковината, во Ќуприја во 1926 година, потоа во Монпелје во 1928 година, како и во Софија во 1930, 1934 и 1937 година. По ослободувањето излагал во Скопје во 1956 и 1962 година, а најголема ретроспектива ја имал во Музејот на современата уметност во Скопје во 1983 година.

Пандилов е првиот академски образован сликар кој раскинал со зографската традиција. Стилската ориентација на неговата мека, топла, лирска палета флуктуира меѓу поетскиот реализам и неоимпресионизмот. Работел масла, акварели и цртежи, а жанровски се определил за пејзажи, мртви природи, портрети, актови. Во овој дух се насликани неговите најзначајни дела: „Покрај вода“ (1925); „Жетварки“ (1926); „Акт“ (1928); „Товарен воз“ (1950); „Есен“ (1951); „Вршидба“ (1951); „Жетва“ (1954).

Димитар Пандилов загинал во Скопскиот земјотрес на 26 јули 1963 година.

Извор: М.Е. 1, стр. 7-8, Скопје 2009;



Подготвил: Т.К.